ВНАТРЕШЕН ПАТНИК

БРОЈ 24

Списание на студентите
на Филозофски факултет



НАТАША АНГЕЛОСКА ГАЛЕВСКА
АКАДЕМСКО ГОВОРЕЊЕ И ПИШУВАЊЕ

АЛЕКСАНДРА КАРОВСКА РИСТОВСКА
РАНА ИНТЕРВЕНЦИЈА И ЕДУКАЦИЈА НА ДЕЦА СО ОШТЕТЕН СЛУХ
универзитетски учебник


Вовед во археологија
Антонио Јакимовски

КЕНКОВ ЦВЕТКОВСКИ
ОСНОВИ НА ВОЕНАТА ВЕШТИНА


ГОРАН ЗЕНДЕЛОВСКИ
КРЕИРАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСНИ ПОЛИТИКИ


SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE
FACULTY OF PHILOSOPHY
SCIENCE AND SOCIETY: CONTRIBUTION OF HUMANITIES AND SOCIAL SCIENCES
Proceedings of the International Conference on the occasion of the centennial anniversary of the Faculty of Philosophy
2-5 September Struga 2020
Skopje 2021

ВНАТРЕШЕН ПАТНИК
Ноември 2021

Издава:
Факултетско студентско собрание на Филозофски факултет - Скопје
Бул. "Гоце Делчев"бр.9А; 1000 Скопје
Тел.+389(0)23116520/230
mail: studentsko.sobranie@fzf.ukim.edu.mk

Главен и одговорен уредник
Димитар Коруноски

Редакција
Симона Јанакиеска
Христијан Ламбевски
Микерем Рахманоска
Лазе Дечков
Стефанија Стефаноска

Соработници
Самир Каришиќ
Димитар Здравески

Лектура
Верица Шарац
Изабела Даскалоска

Печати
МАР-САЖ

Тираж
200

Првиот број на списанието Внатрешен патник излезе од печат во мај 1995 година

ISBN 1409-5637

СОДРЖИНА

„ОД НАС ЗА ВАС“ 4

Студентите на Филозофски факултет како дел од стимулација на седницата на Советот за безбедност 4

Филип Марковски
MEET CONFERENCE 2021 6

Катерина Фиданоска
ЗОШТО Е ВАЖНА УЛОГАТА НА НАСТАВНИКОТ?... 8

Елена Михаловска
Значењето на семејнологијата како наука – предизвиците на семејниот советник 10

Проф. д-р Сузана Миовска-Спасева
„Образованието на умот, без образованието на срцето, не е никакво образование“ – гледано од педагошка и филозофска перспектива.....12

Проф. д-р Денко Скаловски
„Образованието на умот, без образованието на срцето, не е никакво образование“ – гледано од педагошка и филозофска перспектива..... 13

Ангела Икономоска
Коавтор: Мартина Трајковска
КАКО ДО ПОДОБРА ОНЛАЈН НАСТАВА?..... 14

Тамара Мирческа
МАРТ 2020 VS МАРТ 2021 16

Теодора Томовска
Коавтор: Климентина Ѓоршовска
СПЕЦИЈАЛНА ЕДУКАЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА, ЗНАЧЕЊЕТО И УЛОГАТА НА СПЕЦИЈАЛНИОТ ЕДУКАТОР И РЕХАБИЛИТАТОР, РАБОТАТА НА СТУДЕНТСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ 18

Александра Богдановска
СОВРЕМЕНА ИНКВИЗИЦИЈА 21

Интервју со дипломиран педагог – Пенчо Андреев (Педагог во ООУ „Васил Главинов“ – Велес) 24

Интервју со новата претседателка на УСС УКИМ - Ева Цветковска 26

Александар Тодоровски
INBOX 27

Воскресија Б.
Малата вечност во уметноста 29

Суада Аџарпашиќ
Стоп за малолетнички бракови..... 32

Сања Симјаноска
Моќта на човечноста..... 33

ИНТЕРКУЛТУРНИ РЕСУРСНИ КАБИНЕТИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ПЕДАГОГИЈА И ПСИХОЛОГИЈА. 34

НАДОВРЕШНИ СОРАБОТКИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ 37

Виктор Костески
ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ХЕЛЕНСКАТА МИТОЛОГИЈА ВО ВИДЕО ИГРИ” 38

Од студент за студент 40

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ВНАТРЕШЕН ПАТНИК

ВНАТРЕШЕН ПАТНИК

Типичното лого е дизајнирано на тој начин што предизвикува препознавање од страна на набљудувачот, а најголемите емоции и препозавање може да се предизвикаат кај студентите на Филозофски факултет.

Во логото е прикажан секој студент симболизиран како патник кој патува за да ја достигне својата посакувана цел. Околу него се потрудивме да ја претставиме аулата на нашиот факултет, додека пак студентот во својата торба си ги носи знаењата, предиспозициите, вештините, искуствата.. со кои доаѓа во факултетот, а истите се збогатуваат за време на студиите.

„ОД НАС ЗА ВАС“

„Факултетот не е само образовна институција. Факултетот е и место каде што студентите се “обучуваат“ да бидат ЧОВЕК!“

Хуманоста е доблест која што ја поседува секој еден човек. Нејзе потребно е да ја поттикнеме за да излезе на површината. Хуманоста е потребна за соживот, а со тоа се потврдува човечноста на секоја една индивидуа. За сето ова не е потребно посебно емсто и време, туку само да се согледа потребата на луѓето околу нас.

Факултетското студентско собрание започна акција ‘’ОД НАС ЗА НАС’’ за обезбедување на електронски уреди (нови и половни) за потребите на студентите кои не се во можност да си ги дозволат или немаат од одредени причини. Оваа акција успешно се одвиваше во текот на летниот семестар, благодарение на индивидуите кои донираа, беа во можнсот и имаа интерес за истото. Меѓу нив се професори од Филозофски факултет. Оваа акција продолжува и во текот на следните семестри.

Студентите на Филозофски факултет како дел од стимулација на седницата на Советот за безбедност

При Совет за безбедност во организација на Претседателскиот центар за политичко образование (ПЦПО) во која учествуваа студентите од меѓународни односи на Филозофски Факултет при УКИМ беше одржана симулација на седница на Совет за безбедност, со поддршка од партнерската фондација „Фридрих Еберт“. Во симулацијата учествуваа девет студенти и секој од нив беше во улога на член на Советот за безбедност. Главна точка на дискусија беше „Заштита на животната средина и аерозагадувањето“, а двајца од студентите го претставуваа Министерот за животна средина и просторно планирање и поранешниот

директор на Државниот инспекторат за животна средина. Претседателот Стево Пендаровски учествуваше во симулацијата и ја водеше како редовна седница на Советот за безбедност.

Симулацијата беше воведена со цел да се доближи работата на институциите кон младите кадри и практично да дојде до запознавање со процедурите на функционирање на државните органи и тела.

Претседателот образложи дека за прв пат на седница на Советот за безбедност разговарале и за животната средина на која присуствуваа и претставници од невладиниот сектор. Здравствената криза, пандемијата, вакцините, лажните вести беа исто така теми на Советот за безбедност. Исто така студентите добија материјали и информации и беа запознаени со одредбите на Законот за класифицирани информации и со безбедносните сертификати.

MEET CONFERENCE 2021

MEET конференцијата е рожба на студентските идеи и стремежи за наука. Во екот на пандемија, во октомври 2020 година, започна сè. Тогаш, за прв пат се организираше овој собир, кој иако беше малуброен, значеше голем почеток. Само една година подоцна, со своето второ издание, настанот стана препознатливо обележје за студентите на Филозофскиот факултет и Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

Конференијата е организирана од Универзитетското студентско собрание, во соработка со Факултетските студентски собранија на ФЗФ и ФЛФ „Блаже Конески“. По иницијатива на претседателите, добив покана да станам координатор, која ја прифатив со раширени раце и со драго срце, а потоа, следејќи ги критериумите на професионалност, го избрав целиот Одбор.

Целта на конференцијата е да ги поттикне студентите да се вклучат во науката, да почнат да ги осознаваат принципите на функционирањето на научниот свет и конечно, да напишат свој научен труд. Но, не само на еден декларативен начин, туку на практичен начин. За таа цел, неколку месеци пред конференцијата беше одржана работилница за пишување на научни трудови, која ја предводеа проф. Никола Минов и м-г Маја Филиповска. Од друга страна, исклучително квалитетните членови на Одборот, кои или се во доцните години на прв циклус на студии или се на втор циклус на студии, имаа доволно искуство да ги советуваат учесниците и да им помагаат во пишувањето на трудовите. Исто така, за секој студент беше определен и професор-ментор, кој, пак, требаше да помогне во насока на професионализирање на конкретните трудови. Значи, секој студент што имаше вистинска желба да научи да пишува научен труд и истиот да го објави во призната научна заедница, на оваа конференција, без сомнение, ја имаше и ќе ја има таа можност.

Особено ни беше важно, студентите преку оваа конференција и преку своите трудови да почнат да градат една конструктивна визија и да научат да дискутираат на академско ниво за различните ставови. Тежнееејќи кон тоа, на самиот настан, ставивме акцент на дискутирањето во однос на самите презентирани трудови, што временски траеше повеќе од четири часа, но со голема желба да трае многу повеќе.

Конференцијата, покрај споменатите цели и активности, стана нешто многу повеќе и многу поголемо – стана студентски бренд на социјалните мрежи. Со посветена работа, секојдневно залагање и длабок ентузијазам беа објавувани илјадници научни содржини,

подарувања на книги, одбележувања на важни настани и секако вид промоција на науката и научната мисла. Немаше ден во работниот период, од април до октомври, без да биде објавена научна содржина, која беше сериозно подготвувана и прегледувана.

Целата работа не беше попусто. На крај, добивме 25 учесници, што претставуваше рекорд не само на студентските конференции на Филозофскиот и Филолошкиот факултет, туку и воопшто на сите конференции кои се организирани изминативе две години од УСС. Имаше учесници од сите три циклуси на студии. Покрај тоа, оваа година МЕЕТ може да се пофали и со студентска инклузивност, бидејќи имавме учесници надвор од ФЗФ и ФЛФ, а и учесници надвор од УКИМ. Ова распространување на МЕЕТ низ македонските универзитети треба да биде само мотив и добра основа за меѓународно етаблирање. Сепак, масовноста не беше тоа што нè красеше, туку високиот квалитет на напишаните трудови. Во тоа ќе можете да се убедите откако ќе го прочитате зборникот на трудови, што треба да излезе до крајот на оваа година.

Ми беше чест и задоволство да работам за оваа конференција, но не само мене како координатор, туку и на целиот Одобор кој беспоштедно беше ангажиран во целата подготовка.

Овој Одбор веќе стана минат Одбор, останува идните помлади генерации да ја преземат конференцијата и да ја продолжат приказната на МЕЕТ.

Филип Марковски
Координатор на МЕЕТ 2021

ЗОШТО Е ВАЖНА УЛОГАТА НА НАСТАВНИКОТ?

Личноста со која се запознаваме уште од најрана возраст и воедно е неизоставен дел од нашето секојдневие долг период, воспитувајќи не и пренесувајќи ни знаење, ја условуваме со повеќе називи – наставник, учител, професор. Неговата улога е пред сè формална, меѓутоа претставува значајна компонента од учењето нови работи, но и формирањето и развојот на личноста на секој од нас. Уште во раните години, со посетувањето на детска градинка, се среќаваме со сосем нов човек, нов авторитет кој го следиме и од кој учиме – учителката. Со други зборови таа претставува водич кој нè насочува кон извршување на потребните секојдневни активности, нè воспитува според одредени морални вредности истовремено учејќи не нови работи, пренесувајќи ни нови информации. Целиот тој конструиран процес, подоцна континуирано си продолжува и се надградува во основното образование, а се усовршува и збогатува во текот на средното и високото образование.

Самото вложување во сопственото образование и оформување на компетенции е голем чекор кога се работи за остварување на замислените цели и амбиции. Покрај замислената цел, волјата да се научи нешто ново, потрагата по нови знаења и вештини, мошне важен сегмент е кој ќе те води низ процесот – водичот, насочувачот – тоа е наставникот. Додека трае целиот процес на образование, свесни сме за идејата дека учиме од авторитети, образувани луѓе со признание – документ кој ги потврдува и запечатува нивните професионални компетенции, луѓе кои стекнале одредена титула и статус во општеството. Наставникот секогаш треба да претставува еден пример на креативец, трагач по нови информации и искуства. На тој начин, ќе успее да го разбуди и разгори креативниот момент кај учениците. Неговата фигура во наставата секогаш ја следи организаторската, но мора да се спомене и една од најважните – поттикнувачката функција. Поттикнувањето и охрабрувањето се навистина клучен момент кога е во прашање работата со ученици од било која возраст. Наставникот има должност првенствено да ги научи учениците да учат, да ги поттикне да бидат активно вклучени во едукацијата, да ги охрабри на вистински начин да го применат она што го совладале, но и да ги има предвид нивните дотогашни стекнати знаења и способности. Истовремено, треба да претставува широк извор на знаења, секогаш отворен за проширување на истите, а не само некој вид на помошник при учењето. Би можеле да го наречеме помошник, но само во случај кога сакаме да ја потенцираме

важноста на упатствата кои треба да ги даде. Самиот наставник треба да претставува конкретна насока кога се работи за потребната литература, содржините кои треба да се обработат, организацијата и реализацијата на предвидените активности и сите останати сегменти кои се неизоставен дел за ученикот да биде квалитетно подготвен и да придонесе за поефикасни резултати во иднина.

Покрај сите улоги и функции, магијата на наставничката работа се заснова на вистинската желба да се работи оваа професија и огромната количина љубов кон неа. Секој човек кој сака да се занимава со оваа работа, пред сè, треба да е свесен и подготвен за одговорноста и благородноста која таа ја носи. Сите ќе се сложиме со тоа дека ја паметиме нашата учителка од прво одделение, но се сеќаваме и на професорот од факултет кој ни отвори нови хоризонти. Наставниците не ни остануваат во сеќавање само на нас, туку на илјадници и илјадници луѓе. Тоа е едноставно така, затоа што влијанието на добриот наставник, никогаш не ќе може да се избрише од нашиот животен пат. За нив се напишани безброј убави мисли и цитати, од голем број на признати светски личности кои честопати не потсетуваат колку влијаела таа улога врз нивната лична успешност на било кое животно поле.

Катерина Фиданоска
студентка на Институтот по Педагогија

ЗНАЧЕЊЕТО НА СЕМЕЈНОЛОГИЈАТА КАКО НАУКА – ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА СЕМЕЈНИОТ СОВЕТНИК

Семејнологијата како наука го проучува семејството како најосновна клетка во едно општество. Таа ги проучува семејните системи и нивните потсистеми. Одржување на семејна кохезија, креирање семејни правила, конзистентни семејни односи, хармонична и складна комуникација се само неколку од низата елементи со кои се занимава оваа наука. Семејнологијата ги истражува и набљудува промените низ кои поминуваат семејствата. Какви биле семејствата во минатото, а какви се денес. Семејната структура е изменета, па денес наместо традиционално проширено семејство, имаме нуклеус семејства, коишто се составени од родители и деца.

Предизвикот да се истражува семејство во 21ви век е огромен. Денешните модерни семејства се движат со силна динамика, а тоа доведува до промена на нивниот облик и вид.

Семејните советници се стручни лица и професионалци, кои секојдневно се во борба да ја одржат семејната кохезија на еден дом. Да се разбијат стереотипите кое е ,,нормално" семејство, а кое не. Не само по основа на семејна структура и бројот на членови, туку и по основа на дискриминација на тие членови. Иако живееме во нова ера, сеуште можеме да сретнеме традиционално проширени семејства. Семејства во кои покрај родителите, живеат и баби и дедовци и останати роднини по прво колено. Во ваквите семејства најчест проблем е материјална егзистенција. Семејниот советник е тој кој што помага во разбивање на семејните конфликти и судири во ваквите видови семејства. Да се има разбирање, грижа и почит и покрај тешките егзистенцијални услови за живот.

Решавање на конфликти во секаков вид на врска. Љубовна врска помеѓу парови дури се сеуште љубовници,но и љубовна врска помеѓу сопружници. Многу често младите лица страдаат од депресии и анксиозност, после конфликтот со нивниот партнер. Сопружниците пак се затвораат во себе и забораваат да ,,работат" на љубовната искра помеѓу нив, откако ќе стапат во брак.

Еден од најчестите предизвици на семејните советници е решавање на прашањето околу воспитување на децата. Денешните семејства ,,работат" со полна пареа. Родители кои се по 12 часа дневно на работа, деца препуштени на виртуелен свет и технологија. Денонoќно времето го минуваат на нивните смартфони и таблети. Ја губат комуникацијата со родители, со нивните врсници, со наставниците. Не се социјализираат, се повлекуваат во себе, утеха на проблемите пронаоѓаат во интернет технологијата. Играат

видео игри, наместо користење на сонце надвор. Родителите не секогаш може да се справат со ваквите чести ситуации и појави, за кои се вели дека се најголемото зло на денешницата. Семејниот советник е тука за да ги советува родителите и децата заедно, да поработат заеднички на нивната изгубена комуникација и поддршка, родителите да им бидат мотив на своите деца, да бидат најдобрите ментори во нивните очи.

Живееме во бурни времиња. Времиња исполнети со кризи, големи грижи, постојани проблеми, стресови и кризни ситуации. Предизвикот на семејниот советник е да помогне во разрешување на внатрешните бури кај тинејџерите и адолесцентите. Кај лица кои стекнале лажна перцепција за суштинските вредности во животот, со помош на интернет, лица кои развиле негативна развојна слика за себе. Семејниот советник може да спречи насилство, да помогне во одрекување од пороци-алкохол, дрога и други психотропни супстанци, кои може да станат зависност кај сите поединци, без оглед на нивната возраст. Превенција на анксиозност и депресии кај деца од најрана возраст, бидејќи бурното детство може да доведе до повлекување во себе во подоцнежни години.

> ,,Сите среќни семејства си прилегаат едно на друго, секое несреќно семејство е несреќно на свој начин" – Лав Толстој, (Ана Каренина)

Елена Михаловска
студентка на Институтот за Семејни студии



„Образованието на умот, без образованието на срцето, не е никакво образование“ – гледано од педагошка и филозофска перспектива

Проф. д-р Сузана Миовска-Спасева
- Институт за педагогија

Познатата мисла на старогрчкиот филозоф Аристотел укажува на значењето што го придавал на воспитните влијанија за развивање на човечките квалитети кај воспитаниците, што било исто толку важно за постигнување на идеалот на хармониски развиената личност колку и стекнувањето знаења и развивањето интелектуални способности. Залагањата за испреплетување на воспитната и образовната работа не се карактеристични само за Аристотел и само за неговата епоха. Пред него, Сократ прв ја истакнал идејата за воспитна настава; по него, Квинтилијан барал говорникот да биде не само широко образован, туку, пред се, „чесен човек“ со „особини на добар карактер“; Рабле поучувал дека „знаење без совест е духовна смрт“; Песталоци укажувал на потребата да се развива срцето, покрај умот и раката, зашто целта на воспитувањето е развивањето човечност, односно активна љубов кон луѓето; за Хербарт основна цел на наставата е формирањето морален карактер; за Ушински „човекот е повеќе човек по тоа како чувствува отколку по тоа како мисли“; нашиот Прличев, пак, предупредувал: „У народа не ни липсува учение, но вѝспитание“. Овие лекции од минатото, за жал, денес се заборавени или тргнати на страна во налетот на образовните реформи кои треба да овозможат подобри образовни постигнувања и да ги направат образовните институции компатибилни и компетитивни на пазарот на трудот, а образовниот систем ефикасен. Воспитната компонента, која низ историјата на школството и просветата била примарна, во современата воспитно-образовната теорија и практика е маргинализирана, а самиот поим воспитување се изоставува и/или се заменува со образование, за што сведочи и вообичаениот превод на македонски јазик на мислата на Аристотел. Но, во трасирањето на

патеката на идниот развој на образованието, кое се одвива во услови на морален пад и изгубени вредности, не смееме да заборавиме дека наставата, учењето и образованието имаат смисла доколку се ставени во воспитен контекст: градење на односи на помош и поддршка на развојот и стремење на човекот кон човечноста.

Проф. д-р Денко Скаловски
– Институт за родови студии

Во историјата на западната мисла/философија/теорија имаме спектар примери на доблесни умови/философи-хуманисти, кои биле свесни дека образованието/знаењето не е доволно доколку не е следено со воспитувањето, т.е. дека нема да успееме во намерата од младите луѓе да создадеме доблесни/хумани личности со високи интелектуални, но и морални квалитети, доколку не ги воспитуваме во духот на хуманистичките вредности. Меѓу другите, можеме да тргнеме и од инженииозниот и контроверзен философ, математичар и физичар Блез Паскал и него-вата „логика на срцето“ (logique de coeur), која, крајно поедноставено кажано, секогаш ќе се коси со логиката на разумот, а што значи дека овие две различни, (и)рационални логики, во секој од нас постојано ќе предизвикуваат внатрешен конфликт/судир во кој никогаш нема да има дефини-тивен победник/губитник во борбата за лична и заедничка среќа.

Она што денес на модериот човек (жена/маж) - да го наречеме homo tehnologicus - сè повеќе му недостасува е душевноста и духот на позитивна утопијска енергија, без кои човекот не може да опстане, да живее и преживее како човечко суштество. Доколку се продолжи со започ-ната-та технологизација/дигитализација на образованието/општеството, која е нехумана/антиху-мана и бесмислена, и која треба да задоволи нечиј моментален/парцијален профитен интерес, тоа ќе биде реквием на ученикот/студентот, а реквием на студентот значи - реквием за чове-кот/општеството/човештвото. Човекот мора да даде отпор кон оваа (авто)деструктивна стратегија доколку сака да остане човек - со сите негови доблести и мани - и не сака да биде претворен во програмирана/контролирана машина, неспособна за љубов, сочуство, соживот, солидарност, срдечност, пријателство/другарство/доверба, племенитост, добрина, убавина, надеж и вера во можноста за послободна, подобра и поправедна заедничка животна иднина за сите.

КАКО ДО ПОДОБРА ОНЛАЈН НАСТАВА?

Принудени да се прилагодиме на новонастанатата ситуација предизвикана од пандемијата на корона вирусот (COVID-19), приморани да бидеме дел од „виртуелниот свет“ на техниката и технологијата, опкружени со различни алатки за комуникација, кои ни овозможуваат продолжување на нашето образование и доусовршување надвор од класичната настава (настава со физичко присуство), се бориме да го пронајдеме излезот од овој „технолошки лавиринт“ т.н. онлајн учење. Доколку ја согледаме реалната слика на оваа ситуација, може да се заклучи дека ова помалку наликува на онлајн настава, а повеќе на „итна настава од далечина“ или уште може да се нарече и „пандемска педагогија“. Онлајн учењето е настава која се одвива преку Интернет. Како поранешни студенти на прв циклус на студии на Институтот за педагогија и сегашни постдипломци, кои онлајн наставата ги затекна во двата циклуси, согледуваме како се надминува старата педагошка поделба на просторот и времето и ги става студентите надвор од ѕидовите на универзитетските амфитеатри и слушални, со интензитет кој во вакви услови е секако подобар од незаменливото традиционално учење во училница. На студентите им се овозможува да учат секаде, во секое време, во согласност со нивните потреби и интереси. Во овој контекст, се поставуваат прашањата, дали онлајн наставата е доволно ефикасна и ефективна и дали знаењата и вештините на студентите се евалуираат објективно, систематски и контиуирано? За да биде онлајн наставата ефективна и ефикасна, како и соодветно и навремено евалуирани знаењата и вештините на студентите, од страна на професорот, со цел да бидат задоволени и двете страни, пред сé е потребно да се овозможи квалитетна двонасочна комуникација (професор – студент и студент – студент). Самата концепција на онлајн учењето го префрла поголемиот товар за совладување на наставните содржини врз студентите. За таа цел е потребно да се изгради горенаведената квалитетна двонасочна комуникација и вистинска заедница за учење, за студентот да не се почувствува изолиран. Во овој контекст потребно е да се зголеми електронската достапност на наставните содржини, проектните задолженија, електронското поставување на прашања, разрешувањето на дилемите, вклучување на студентите во поголем број на дискусии, поттикнување за самостојна работа и истражување, меѓусебна соработка, како и посебни обуки за користење на ИКТ (информациско – комуникациска технологија) алатките. Студентите се поттикнуваат да учат преку создавање на портфолио на знаења. За таа цел потребно е професорот јасно да ги обезбеди потребните материјали за учење, а со тоа да се постигнат веќе предви-

дените цели, задачи, очекувани резултати, користењето на сите расположливи ресурси, како и широката палета на методи коишто можат да се прилагодат според различните потреби на групите на студенти. Со соодветна примена на сите елементи, студентите би можеле да акумулираат знаења во текот на целиот семестар или академска година и на тој начин би се овозможила повратна информација, како и целокупна евалуација според однапред договорени постапки и динамика. За онлајн учењето сите ние сме свесни дека има голем број на негативни критики и коментари. Иако постои извесен број на недостатоци при примена на овој вид на учење, сепак може со гордост да се каже дека тие недостатоци постепено се надминуваат, се рушат постоечките бариери и се приближуваме кон светските трендови на учење. Сите се согласуваме околу тоа дека е време образованието да се стави на прво место, со знаење да ја подобриме ситуацијата во која се наоѓаме и сите заедно да работиме на „случајот“ – ЗА ПОДОБРО УТРЕ!

Автор:
Ангела Икономоска – студент
на постдипломски студии
на студиската програма
по Педагошки науки

Коавтор:
Мартина Трајковска – студент
на постдипломски студии
на студиската програма
по Педагошки науки

МАРТ 2020 VS МАРТ 2021

Автор: Тамара Мирческа
студент на Институтот за Психологија

И кога сите сте во своите домови, со своите блиски поминувате долго време, да не речам сега успевате и да се запознаете после колку, многу години, нели?

После сето тоа, како сте?

Не насетувате ли изолираност од остатокот од светот?

(Да, технички сте со тоа што сме во карантин, но, на она духовното мислам!)

Уживате ли?

Сонцето веќе не ја нуди таа пријатност. Смеата е сведена на минимум...разговорите се вртат помеѓу една тема од која, истата црнина ја впива секој и тоа во иста мера.

Улиците се празни, сè е затворено, немо.

Затворени и на некои му се ѝ мислите, чувствата, заклучени срцата.

Откажани се сите планови и цели, на неопределено.

Група луѓе, посебно оние психички ,,слабите''. Секојдневно сè повеќе и повеќе се гушат во сопствениот немир, анксиозност, во себе им се активира и секој минат непреболен страв и лик.

А пак, оние да речам...психички ,,јаките". Нив ,,мува не ги лази", како што претходно живееле во свој свет, продолжуваат со истото свое темпо.

Баш посакувам сите да сте како овие вторите, но, светот е место каде што преовладува поголем број, како оние првите, кои храбро се борат и пред сите се покажуваат ,,јаки" како вторите.

Не е никаков срам да си психички ,,слаб", да си чувствителен во тебе да владее ненормална доза емотивност.

За мене, тој што умее да чувствува и во себе има доза емотивност, тој покажува знаци на живост.

Мојот совет до сите оние кои одвоиле време и ги читаат моите зборови е:

Максимално да го искористите поминатото време дома!

Милувајте ги домашните и љубените. Неиспиеното кафе одложете го за, кога ќе биде стабилна состојбата. Откријајте нешто ново за себе, научете да се сакате!

Покрај талкање и барање на многу нешта што ги предлагаат сите, јас Ви предлагам да се најдете себеси!

За првпат во светот... дојде време кога, насекаде околу нас. Кај секој човек ечи една желба, молитва:

• Заболените да се излекуваат, здравите да не заболат.

• Исто така целиот свет живее за една иста мисла:

,,Сè да помине најбрзо, првите утрински сончеви зраци да ни донесат слобода, слобода од оној страв, кој живее во сите нас!"

Ве сакам, чувајте се!
Март, 2020г.

И после година дена, пресретнувајќи се себеси во не многу поразлична ситуација од онаа која нѐ зграбчи и веќе во прегратка цврсто нѐ држи и нема намера да нѐ испушти.

Би Ви поставила прашања околу некои работи:

• Се одморивте?

• Пронајдовте себеси?

• Ги исфрливте ли од себе мислите и чувствата, или уште повеќе потиснавте?

• Се запознавте со своите желби, потреби, внатрешното ЈАС?

• Научивте ли виртуелно да сакате па дури и испраќате бакнежи и прегратки?

• Пресуши ли стравот и солзите со него, или копчето за волумен на максимум е веќе?

Каков и одговор да следеше после секое прашање, застанете цврсто зад својот одговор и пронајдете ја причината зошто тој Ваш одговор е токму таков каков што е.

Нема граница дали е во ред секој одговор да биде позитивен и да речеме: ,,Аа супер, се сакаш себе, одличен си!" или ,,Ја надвладеа анксиозноста, не се соочуваш повеќе, браво!" Напротив, тие кои можеби се борат со негативните одговори од овие горенаведени прашања, искрено пристапуваат кон себе, се соочуваат секојдневно и со светот и со внатрешниот глас, храбро се борат кон сопственото ЈАС и гордо стојат зад тоа!

Не е срамно во вакво време да се плашиш и чуваш себеси и своите најмили.

Срамно е доколку НЕ ТИ Е ГАЈЛЕ, срамно е доколку за една година (која воопшто не е краток период) ти да си останат слеп, без трошка душа, емпатија, разбирање, своеглаво (читај глупаво) талкаш и сметаш дека светот и животот кој сега ни е претставен пред очите на секој еден човек, без разлика на возраст, пол, етничка припадност. Сето тоа е лага, и...општеството си поигрува со тебе.

Сметам дека е време (доста жално е зошто сѐ уште можам да кажам и поголем дел и не се) да се освестат луѓето, време е да научат да шират љубов! Да научат да се чуваат себеси, а со тоа и секое живо битие околу самите себе.

Време е да применуваат работа на себе, независно дали тоа ќе резултира со изградување на свој став, своја личност, свое ЈАС.

Време е!

Да живеете Ваш живот!

Живот по правила кои ни ги наметна ова ново ,,нормално", кое ќе остави траен белег, и ќе го носиме сѐ до својот гроб!

И оваа година Ве сакам, уште повеќе!

И оваа година гласно изговарам

ЧУВАЈТЕ СЕ!

Март, 2021г.



СПЕЦИЈАЛНА ЕДУКАЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА, ЗНАЧЕЊЕТО И УЛОГАТА НА СПЕЦИЈАЛНИОТ ЕДУКАТОР И РЕХАБИЛИТАТОР, РАБОТАТА НА СТУДЕНТСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ

Автор: Теодора Томовска
Коавтор: Климентина Ѓоршовска
(Здружение на студенти по специјална
едукација и рехабилитација – Специјални студенти)

Општествено-историските, општествено-економските и социо-културните услови ја наметнале научната заснованост на специјалната едукација и рехабилитација односно творечката функција во општеството и со животот и времето. Современиот развој во нашето општество ја наметнале потребата од теорија и практика. Конституирањето на специјалната едукација и рехабилитација како општествено хуманистичка наука одело многу бавно, со интегрирање на теоријата и практиката и нејзиното целосно конституирање во XX век. Специјалната едукација и рехабилитација има интердисциплинарен карактер бидејќи овозможува синтеза меѓу знаењата од педагошките, медицинските, психолошките, социолошките и други науки.

Со познавањата на овие науки, специјалната едукација и рехабилитација создава нови методи во детекција, дијагностика, третман, образование и воспитание, како и професионално оспособување на децата со пречки во развојот.

Живееме во едно постмодерно време каде бројот на децата со пречки во развојот и специфични тешкотии во учењето е во голем подем. Затоа работата на специјалниот едукатор и рехабилитатор, здраствените институции и центрите за рана интервенција и стимулација. Специјалниот едукатор и рехабилитатор е дел од мултидисциплинарниот тим, кој го сочинува психолог, педијатар, логопед, социјален работник, со континуирано следење на методите и техниките за работа во терапевтска цел .

Постојат два начини на покажување на љубовта кон децата – едниот пример се нежните прегратки и бакнежи надополнети со зборови за пофалба и охрабрување, а другиот начин е да ги научите децата како да се однесуваат убаво.

Работната задача на специјалниот едукатор и рехабилитатор е да го поттикнува и стимулира раниот развој, фина моторика, грубата моторика, графомоторика, когнитивен развој, логичко размислување, концетрација и внимание. Специјалниот едукатор и рехабилитатор работи врз поттикнување на социјалните вештини, поттикнување на самостојно функционирање, стимулација на говор и сензорни потешкотии.

Специјалниот едукатор и рехабилитатор работи со лица со попреченост, но исто така работи и со лицата од типичната популација. Специјалниот едукатор и рехабилитатор во училиштето изработува индивидуален образовен план, кој е базиран врз основа на потребите и капацитетите на детето.

Поради симбиозата за подобро функционирање и соработка помеѓу идните специјални едукатори и рехабилитатори, нивното вклучување во развојот на институтот кој ќе продуцира квалитетен кадар, како и соработка со Институтот за специјална едукација и рехабилитација се синтетизира во Здружение на студенти по специјална едукација и рехабилитација “СПЕЦИЈАЛНИ СТУДЕНТИ – Скопје”.

Во неговото неколку годишно постоење може да се одбележат позитивни промени на полето на ангажираноста и конекцијата помеѓу специјалните едукатори и рехабилитатори и работата со лицата со попреченост и нивните семејства. Здружението претставува група на студенти која е испреплетена со меѓусебна соработка и дејствува како поттик за споделување и размена на своите искуства и знаења. Приоритетите на судентското здружение се од широк дијапазон. Дел од нив се подобрување на условите за студирање, како и квалитет на образованието на судентите по специјална едукација и рехабилитација. Исто така, вклучува и поддршка и поттик кон научно-истражувачка област организација на семинари, обуки, работилни-

ци, проекти, како и овозможување на волотерство во установи кои работат со лицата со попреченост.

Здружението на студенти брои низа настани кои се во тек и имаат придонес во подигнување на општествената свест за потребите и способостите на лицата со попреченост, достапноста до информации, комуникација, образование и рехабилитација за лицата со попреченост, како и пристапноста во средината.

Споделувањето, соработката, конекцијата, интегрирањето се она што го прави студентското здружение по специјална едукација и рехабилитација посебно на различен начин. Нашето мото е “Сам можеш да одиш брзо, заедно можеме да одиме далеку!”, а ние ветуваме дека ќе продолжиме да чекориме заедно и да допринесуваме за подобро секојдневие на оваа група на лица со попреченост.

СОВРЕМЕНА ИНКВИЗИЦИЈА

Автор - Александра Богдановска

Живееме во ерата на постмодернизмот, во која секое сознание се третира како конструкција. Човештвото полека ја заборава идејата за апсолутна вистина. Се прогласува крајот на индивидуализмот. Поединецот станува ништожен, тој е само ситен припадник на својата група. Нема свое јас, едноставно е социјална творба. Почнавме да ја напуштаме и потрагата по смисла, апсолутизмот го релативизиравме. Го забранивме постоењето на вистинско значење, се' е плод на склучените интерперсонални конвенции. Секоја психичка појава е целосно социјално конструирана, а анималното е максимално потценето. Човечка природа е таква каква што ќе се договориме дека е. Во сиот хаос на неоправданото распрскување на вистиниата, масло на огнот додадоа мас-медиумите и социјалните мрежи. Оддалеку се намирисува нивната агенда за формињање стадо од своите корисници преку масовно производство на согласност и послушност и тоа на глобално ниво. Тие стануваат најмоќни обликувачи на ставовите, мислењата, вредностите, идеологијата и светогледот воопшто, па стекнаа функција на систематично превоспитување и индоктринација на сопствените корисници, кои им служат за остварување на нивен политичко-економски интерес. Еден од тие интереси за стекнување на политичка моќ е промовирање на деструктивни вредности, како преокупираност со физичкиот изглед, материјалните богатства, кариерниот успех и неоснованото себевеличење. Последица на ваквата реконструкција на вредносниот систем е радикално отуѓување од своите корени и возвишување на туѓи, наметнувани вредности. Поради стекнување на (иако илузорно) чувство на

продуктивност, младиот човек се препушта на создавање фиктивни социјални проблеми и нивно виртуелно решавање, наместо на ангажман за решавање на приоритетни општествени проблеми, релевантни за неговото опкружување. Покрај во отуѓеноста од сопствената заедница, се забележува и нејзино омаловажување, потценување, срам од себе и своето потекло. На пример, младиот попрво би се залагал за родовата еднаквост при вработувањето во некоја еминентна компанија во САД, отколку за бедната состојба и непотизмот во здравствениот систем во Македонија. Друг интерес е попречување на текот на слободната мисла преку наметнување ифантилизам и политичката коректност кај младата популација, особено кај оние кои се самопрогласуваат за членови на маргинализирани/угнетени млацински групи. Членовите на таквите групи и нивните поддржувачи се само политички тренд што постои поради искористување на дотичната група како гласачко тело за нечие стекнување власт. Не постои група што не вбројува во себе исклучоци/малцинства. Доколку се обидеме да ги идентификуваме сите подгрупи кои според одредени карактеристики ќе го исполнуваат критериумот за да бидат малцинства, ќе сфатиме дека бројот на таквите подгрупи би бил бесконечен. Затоа е воведена политичката коректност како ограничувач за откривање на вистината. Младиот човек учи дека има само права, а не и обврски. Се стимулира инфантилизмот, се поместува локусот на контрола и за секое сопствено незадоволство прстот се вперува кон државата и властите. Решението не се бара во преземање лична иницијатива и одговорност, ами во воведување на се' повеќе закони и регулативи. Зарем не е фасцинантно како во нивното десетгодишно постоење, социјалните мрежи и мас-медиумите успеаја внуците на особите кои самоиницијативно ја нашле волјата за живот и покрај сведочењето на злосторствата од Втора светска војна да се чувствуваат загрозено од тривијални фејсбук-коментари и да кукаат за законска заштита од истите? За да се затскрие зад сопствениот егоизам, соремениот човек се вратил неколку века наназад и ја вовел цензурата. Младиот човек партиципира во илузијата дека е важна фигура при решавањето на најсложените глобални проблеми. Така си ги потхранува игнорантноста и ароганцијата, произлезени од оскудниот систем на знаења, па запаѓа во конфузија. Тој е растргнат меѓу плурализмот на постмодернизмот и повторното воведување на цензура на говорот, па охрабруваќи се својот систем на знаења да го самопрогласи како супериорен, си создава отприлика вакво верување: „Сечија вистина е вистинита, ама мојата вистина е повистинита од твојата“. Поединците чиј интелектуален склоп се извојува од оној на стадото се осудени на конформирање преку воздржување од изнесувањето на своите ставови или преку соочување со виртуелно спалување на клада, односно современа инквизиција. Но

ваквото јавно обезвреднување и (виртуелно) спалување на клада не се невообичаени односи кон автентичните мислители низ историјата (Сократ, Исус, Коперник, Спиноза, Ганди итн.). Токму спротивното – човештвото секогаш наоѓало начин да ги осудува. Дали современово стадо ништо не научило од историјата или луѓето едноставно не се љубители на вистината? Стравот од автентичност е реален и е во пораст, резултат е на човековата пристрасност и на споментатото колективизирање на светогледот и систематичното воведување на едноумие. Алармантна е неопходноста од самоиницијативна мисловна гимнастика, која ќе ја стимулира критичката мисла, во спротивно ќе продолжиме да бидеме пасивни набљудувачи на непрепознавањето на значењето, па дури и осудувањето на оригиналната мисла на автентичните мислители од страна на мнозинството млади лица кои се интелектуално ‘рѓосани, па дури и осакатени од моќта на мас-медиумите. Јас одбивам да бидам соучесник во оваа декаденција, а вие?



Интервју со дипломиран педагог – Пенчо Андреев (Педагог во ООУ „Васил Главинов“ – Велес)

1. Која ти беше инспирацијата/ мотивот да студираш на институтот за Педагогија?

Па искрено нема некоја конкретна приказна за тоа како јас се одлучив да го изберам Институтот за Педагогија, скоро па сосема случајно. Имав мала дилема, во размислувањата ми се вртеа и други правци, но со самиот почеток на студирањето дилемите набрзо ги надминав и почувствував дека не сум згрешил во изборот, а гледајќи од оваа дистанца, навистина бил вистинскиот чекор. Веќе со секој наредeн семестар се повеќе чувствував припадност на тоа место, одлична атмосфера и средина за работа, прекрасен тим на професори, а искрено и генерацијата беше посебна, многу квалитетни и амбициозни студенти со голем жар за постигнување на одлични резултати, кои пред се беа одлични колеги, другари, пријатели и кога ќе ги сфатиш сите овие работи, сликата си се комплетира сама по себе.

2. Како се справи со „тешките“ предмети ?

Релативно лесно и добро. Да не излезе дека со многу голема лесмотија сум ги положил истите, но самата нивна тежина и важност ми правеле притисок за да посветам повеќе внимание и подолго време да насочам кон нивно подготвување. А сето тоа го увидувам сега со работата во пракса. Сите тие „тешки“ предмети во суштина значат базата на нашата професија и од нив почнува се. На секој предмет потребно е да се посвети подеднакво време, важност и внимание, нема простор за потценување или преголемо акцентирање. Но објективно гледано не треба да има некоја поделба по однос на важноста на предметите, секој од нив си значи подеднакво важно во студирањето, а и од секој од нив добиваш по нешто значајно при градењето на идните успешни студенти, а потоа и успешни студенти.

3. Кои вештини индиректно се развиваат со студирањето на Филозофски?

Сметам дека не треба да издвојуваме конкретни вештини кои се развиваат за време на студирањето. Повеќе би рекол дека стуирањето е процес и период каде се формираат многу позитивни белези во креирање на комплетната личност кај секоја индивидуа. Искрено, не би можел да издвојам или потенцирам некоја посебно. Повеќе би сакал да кажам дека ова се последните припреми за она што ни престои во животот.

4. Кое беше чуството кога дипломираше?

Измешани чувства, но најповеќе чувство на лична сатисфакција. Дипломирањето е како финален меч, долго го очекуваш, долго се подготвуваш и знаеш дека претставува круна на една етапа од твоето образование. Јас лично со нетрпение го очекував чинот на дипломирање, бев полн со позитивна енергија, а од друга страна постоеше и некоја немир и тензија, а и голема одговорност за се да помине во најдобар ред. Беше незаборавен момент, најповеќе затоа што имав прилика да го претставам сето она што сум работел во цело мое студирање како на професорите, така и на моите најблиски, семејството, пријателите, колегите, а тоа чувство е бесценето. И најсимпатично е што кога ќе се стивне целата еуфорија и имаш размислување дека си направил се во животот, сфаќаш дека всушност не си на крајот на одреден процест, туку на самиот почеток, е тогаш влегуваш во светот на возрасните.

5. Какво е чуството да работиш на струка? Дали е тежок патот до таму?

Со самиот факт дека студирањето на овој факултет ти влева позитивна енергија за нашата професија, со нетрпение го чекав моментот кога ќе влезам во тој процес. Огромно задоволство е работењето како педагог во основно училиште, посебно ако знаеш дека тоа е професијата која секогаш си ја посакувал. Непроценливи убави моменти, спонтани ситуации со учениците, одлична можност да примениш сето она што си го научил за време на студентските денови и одлична можност и привилегија да станеш дел од сложувалката наречена образовен систем. Педагогијата е интересна, но и специфична научна дисциплина. Таа бара посветеност, истрајност, креативност и пред се љубов да се работи со истата. Сите тие одговорности кои ги носи самата по себе се уште повеќе симпатични кога ќе ги видиш емоциите на децата, нивната невиност, љубов, спонтаност, а тоа е најголемата сатисфакција во нашата работа. Лесниот или тешкиот пат е релативна работа, многу често и самите ние си го одредуваме, многу повеќе е битна целта и колку си истраен во истата. Оваа професија е градена врз цврсто поставени цели на многу мудри луѓе низ историјата, па затоа одговорно треба да го продолжиме тој пат, да целиме високо и правилно.

6. Што највеќе ти остана во сеќавање од студирањето?

Дефинитивно многу работи, или подобро кажано сето она што го сочинуваше моето студирање. Многу често знаат да ми поминат низ глава слики од тие четири години, од првите моменти, па се до дипломирањето. И тоа најчесто се убави мемории, убаво поминато време, од оваа гледна точка и стресните и тензичните моменти пред испити или колоквиуми делуваат симпатично. Вистинита е фразата која сите ја кажуваат дека студентските денови се најубав период од животот на еден човек. Сите дружби пред, после и за време на предавањата, сите квалитетни предавања, сите конструктини и неформални дискусии со професорите ми се останати како убаво сеќавање од тој период.

Интервју со новата претседателка на УСС УКИМ – Ева Цветковска

1. Која ти беше мотивацијата за да се кандидираш?

Мотивација да се кандидирам ми беше тоа што сум последна година студент, па ова ми е последната шанса да направам нешто за студентите, мотивација ми е идејата дека можеме навистина нешто добро да создадеме за нив и да ги заштитиме нивните интереси. Дополнително, тоа што дури сега, после години борба, конечно се формираа првите легитимни претставнички тела на студентите ми даде екстра мотив.

2. Дали имаш конкретни планови кои сакаш да ги реализираш во блиска иднина?

Конкретните планови на кои оваа година ќе се фокусирам се: целосна дигитализација на наставниот процес на нашиот Универзитет и на административното работење на факултетите, подигање на студентскиот стандард, односно реформа во системот на стипендии за студенти, воспоставување на бесплатни психолошки служби за секој студент на УКИМ, капитални инвестиции во образовната инфраструктура и студентските домови, отворање на студентски културен центар, намалување на дополнителните трошоци кои студентите ги плаќаат на факултетите, итн. Понатаму, инвестиција во научно истражувачка дејност, организирање бројни научни конференции, работилници, курсеви, и уште многу други проекти.

3. Што им препорачуваш на идните студенти?

Пораката која ја испраќам е студентите да го кренат својот глас и да бидат упорни во своите заложби, зашто ние сме движечката сила на општеството и ние сме тука да го движиме во вистинската насока.

INBOX

Автор: Александар Тодоровски
- Менаџер на Физичка архива во
Инбох Архивски и дата центар
Скопје.

Отсекогаш сум бил фасциниран од историјата како наука, пред се поради тоа што од записите од минатото, можело многу да се научи за културата, обичаите и уредувањето на старите народи и држави.

Истражувајќи ги смеровите на катедрата по историја при Филозофскиот факултет вниманието и интересот го доби институтот по Историја со архивистика, каде во 2004 година бевме четврта генерација на студенти од овој смер.

За време на студиите имав можност практично да се усовршам во Државниот Архив на Република Македонија, каде што ми беше овозможено да ги осознаам процесите во врска со архивското работење. Од професорите детално ни беа презентирани процесите околу обработката, средувањето и вреднувањето на архивската документација и документарниот материјал. При практична работа во државниот архив активно учествував во процесот на селекција и уништување на документарниот материјал на кои му беа изминати роковите за чување.

Покрај Државниот архив, кој како институција е задолжен за документите од важност на државата и граѓаните на државата, во изминатата декада се отворија и неколку приватни дата центри, кои се занимаваат со архивирање, средување и обработка на архивски и документарен материјал, претежно од фирми од приватен сектор.

Професионалната кариера ја започнав во 2012 година во Инбох, првиот приватен дата центар. Како дел од тимот на архивисти на Инбох сум веќе 9 години, каде што целиот тим се координира меѓусебно и по највисоки стандарди се грижи за целокупниот архивски и документарен материјал кои е доверен на чување и обработка во Инбох.

Архивираната документацијата на преку 300 правни и физички лица, Инбох ја прави достапна 24 часа на своите клиенти, при тоа грижејќи се за нејзината целовитост, безбедност и автентичност.

Документацијата во Инбох се менаџира преку најсовремени софтвери, каде што се обработува на два начина: физички и дигитално. Во Инбох ги совладав и останатите техники во врска со архивското работење кои што немав можност да ги совладам при практичната работа во ДАРМ. Научив нови начини на менаџирање на документацијата со најсовремени софтвери, кои ги овозможува модерното време и ерата на електронската комуникација, кои брзо и лесно ја прават достапна. Дигитализацијата на документите зафаќа се поголем замав, при што Инбох како водечка компанија на ова поле наоѓа нови начини преку најсовремени софтвери да им го олесни работењето на своите клиенти. Во Инбох постојано се следат новитетите и трендовите во врска со дигиталната обработка на податоците со цел поголема ефикасност и безбедност на работењето на нашите клиенти.

Менаџментот на Инбох, инвестира во своите кадри, преку надградување на професионалните и стручни компентенции, обезбедувајќи партиципации на многу обуки, кои мене лично ми помогнаа да се надградам и да го продлабочам своето знаење и да бидам поуспешен во областа во која што делувам.

Работното искуство кое што го стекнав во Инбох, ми овозможи да земам учество на јавен оглас за полагање и стекнување на лиценца за инспектор, кое го овозможуваа одредбите од тогашниот закон.

Динамиката на измените во законската регулатива ми налага како архивист постојано да сум во тек со законите кои го регулираат канцелариското и архивското работење.

Еден од поголемите предизвици во мојата професија е менторството над новите архивисти и нивната обука. Почестен сум што успевам да го делам стекнатото знаење и искуство со помладите колеги.

Архивистиката како наука и бара доста истражување и посветеност, пратење на светските и европските трендови за архивска дигитализација, со која сме постојано во чекор.

Големиот број на клиенти кои ни ја укажаа довербата за грижа на нивниот документарен материјал ме прави особено горд, бидејќи сум дел од Инбокс, кој претставува синоним за квалитет од областа на архивското работење.



Малата вечност во уметноста

Автор: Воскресија Б.

Уметност. Лов на мигови кои раскажуваат цели приказни. Некогаш и по нешто мудро премолчуваат, оставајќи сами да проникнеме во нив. Уметноста е прочистен, изграден, длабок и добро уреден процес, кој преку творбата зборува за амбиентот во кој живее нејзиниот автор и за пораката што тој сака да ни ја пренесе.

Но, како денес ја разбираме уметноста, особено современата популарна уметност (mainstream), оној општо прифатлив тренд и идеи кои се поддржани од најголемиот дел од луѓето и се сметаат за нормални? Да не должам многу, ама во основниот концепт на актуелниот mainstream се наоѓаат брзите промени, експрес продажбата и добрата заработувачка. Во принцип, инстант производи за потребите на конзумеризмот: облекуваш - фрлаш, гледаш – ништо ново, слушаш – се раздразнуваш, читаш – заборавиш. Секоја чест за исклучоците, ги има за среќа, но сепак, енормно голема е бројката на следбениците на mainstream – от, на кои бесмислена им е потрагата по длабоката вредност на уметноста, која треба да ги упати кон барање одговори за она што не е ограничено до моменталното и актуелното.

Видете, немам ништо против актуелната мода, понекогаш дури и ми е симпатична. Но знаете, таа обично раскажува евтини приказни кои подоцна скапо се плаќаат. Да, модерната уметност е привлечна, ама најчесто е многу невкусно накитена, необлечена, ги предизвикува не очите на душата, туку сверскиот ненаситен поглед и инстинкт. Безлична е, го поттикнува разврат чија последица кога-тогаш ќе е очајот. Како и да е, овде немам

намера да критикувам оти секој си има свој избор, туку сакам да пишувам за вредноста на една друга уметност, за онаа креација чие што значење има карактер на вечност.

На моето биро секогаш стојат писанијата од византиските Отци, ама знам да се навратам и на Достоевски, Берѓаев, Соловјев, Еко, Фром... Се восхитувам пред вечно живите ликови изобразени на старите фрески во древните храмови, но ги сакам и вонвременските дела од апостолите на филмското платно Бергман и Тарковски. Со нив мислата е предизвикана да се издигне од земното за да доспее до оној таинствен безвременски и беспросторен амбиент, каде царува тишината, каде се созерцава Убавината, каде душата ја прима и живее љубовта. Да, оваа уметност на која толку често љубиме да се навраќаме и која секогаш нѐ трогнува со истата сила (ако не и поголема) како и при првата средба со неа, е сепак, креација во времето, но во неа самото време ѝ пркоси на својата природна ограниченост. Тоа се мигови во кои доживувањето на креацијата е поразлично отколку надвор од нив.

Некако чудно. И чудесно.

Да се разбереме, нема да ја сфатиме суштината на креативниот момент доколку не се обидеме да го издвоиме од сѐ останато, од површинското на кое денес сме се навикнале. Без тоа издвојување нема да го искусиме прекрасниот мирен свет кој живее во длабочината, нема да ја познаеме трајната вредност на креацијата. Добриот уметник е духовно буден, го препознава вистинскиот миг, скока во повозвишената димензија на постоењето, затоа и неговото творештво добива специфичен карактер на вечност. Твориме, или само следиме - не е важно - како да излегуваме од времето, допирајќи ја таа вечност. Стануваме инструменти на Духот Кој, почитувајќи ја нашата личност и дарот на слободата, нѐ инспирира за дела со една поинаква вредност. И така „исчезнуваме" во некоја

мистична фотографија, во добро раскажана приказна, во умносрдечна молитва, во книга со инспиративна содржина, со перо во раката или тастатура под дланките, со сликарска четка пред платно, со напрегнати мисли во филозофијата на филмот. Секако, уметност е и да поминеш мигови со искрен пријател, да си во храм или природа, во Божествената прегратка или во онаа на најблиските. Во сè може да има длабока уметност! Ама ако сакаме!

Знаете, миговите во прегратката на уметноста не се бегство од реалноста, туку напротив, тие се одмор во неа. Нова врата кон некој друг надумен свет, кој според зборовите на Зафрански, „како секогаш да ја очекува нашата посета, нè прима кога ќе дојдеме и нè пушта слободно да си одиме. Со тој креативен уметнички свет го поврзуваме впечатокот на нешто трајно, што му се спротивставува на времето во кое се следи или создава. Тоа е таа мала вечност во моментот на уметноста“. Мала вечност, зашто во неа живее и несоздадената светлина на Првоуметникот и отсјајот на од Него облагороденият дух на уметникот, што за идните генерации создава духовен простор, во кој тие можат да влезат и да се задржат.

СТОП ЗА МАЛОЛЕТНИЧКИ БРАКОВИ

Автор - Суада Ајдарпашиќ

Малолетнички бракови не се толку честа појава, но се уште се склучуваат, најчесто во ромската заедница, а поретко постојат и кај други националности. Најчести причина за склучување на ран-детски брак е сиромаштијата, традицијата, но најчесто поради слабиот степен на образование. Браковите ги склучуваат на 16 години и по неколку години брак веќе имаат по три, четири деца, без притоа да имаат услови за живот. Исто така друг фактор е рано мажење или бегање од сиромаштијата, женското т.е девојката мисли дека со брак ќе побегне од дома и ќе се спаси од сиромаштијата, а баш напротив, ќе заглави уште повеќе. Невработеноста исто така така е сериозен проблем бидејќи овие лица имаат мал степен на образование, најчесто само основно образование и немаат можности за вработување. Жената седи дома и ги чува деца, а мажот најчесто работи сезонски – несигурна работа, без стабилни приходи и тоа има големо влијание врз животот затоа што децата немаат сигурна и стабилна иднина, немаат можност за едукација, градинка, образование и слично. Автоматски од нив произлегуваат такви бракови. Превенцијата т.е спречување на вакви бракови се прави преку различни требини, обуки и слично за да се подигне свеста. Наместо детски брак прво да се заврши образование, да се вработи, а потоа брак.

Истото го има и кај албанското население, а најмал број на малолетнички бракови кај македонско население. Преку образованието се учат децата што е брак, колку е важен за формирање на семејство, како се прави тоа, кога е правилно да се направи, под какви околности, со какви можности... Токму затоа е потребно децата да се едуцираат од мали за овој сериозен проблем во општеството со цел во иднина да биде намален број на малолетнички бракови. Исто така многу невладини организации посветуваат големо внимание на овој проблем т.е. се бара начин за искоренувањето на овој вид брак, децата да уживаат во своето детство, а не да стапуваат во детски брак каде и едниот и другиот се уште не се зрели да превземаат таков тип на одговорност.

Во 2018г. во С. Македонија раните детски бракови се законски санкционирани по барањето на невладина организација Рома СОС од Прилеп, кои со години се борат против детските бракови. Активистката Асиме Салиоска се избори за промена во правниот систем. Таа одржа средба со локалните власти заради укажување на ургентноста на проблемот. Девојчињата мажени во детска возраст имаат значително ограничена перспектива. Исто така активистката става акцент на тоа дека тоа не е чисто ромски проблем, туку на целото општество. Според податоци на УНИЦЕФ, 7% од сите девојчиња се мажат на возраст под 18 години. Во моментот во државата нема многу истражувања кои се занимаваат посериозно со оваа проблематика. УНИЦЕФ во 2011г. според кое бројот на млади девојки на возраст од 15-19 години кои стапиле во брак или живееле во заедница на национално ниво изнесува 4%. Кај Албанците 6%, кај Македонците 2%,додека во ромските населби изнесува дури 22% или кои родиле или биле бремени на таа возраст на национално ново изнесува 3% додека во ромските населби 18%. Државниот завод за статистика за период од 2011-2015г. забележува тенденција на намалување на бројот на вклучени формални бракови помеѓу лица под 20 години и оваа бројка постепено се намалува.

Моќта на човечноста

Автор: Сања Симјаноска

Она што може да се памети и останува зарежано во нашите глави е ЧОВЕЧНОСТА, ДОБРИНАТА, И ЉУБЕЗНОСТА.

Ако Владо Јаневски пее: Секое лошо за добро е, што и да е ќе помине. Забележуваме дека создава трнлив и борбен пат, создаден од корени на лошо и добро .

Ако го следиме доброто, и постојано се "закитуваме" со добри дела, добрината ќе свети право од нашите очи и срца. Се што бара таа е да го следиме секој нејзин истраен чекор .

Нејзино име добрина, презиме чесност, запечатено дело-ЧОВЕЧНОСТ.

Ако на цвеќето му треба доволно вода и сончева енергија, на добрината и треба љубов и силна желба и волја. Не можеме да се чувствуваме човечни во присуство на притисок со сила на вакум. Со сила, ништо не бидува. Ако не сме среќни и исполнети, да станеме денес од кревет, да го оставиме телефонот, се зад себе а токму ние со чекор пред себе. Да стоплиме нечие срце, да нацртаме нечија насмевка, да обоиме нечии образи од среќа со црвено-руменикава боја.

Ќе почувствуваш енергија која ќе те држи моќен долго време.

Сега, биди човек.

Не утре или пак можеби задутре.

Да мислиш со ум, да создадеш милост, да излечиш болка.

Погледни во небото, здогледај ја најубавата ѕвезда како сјае, тогаш замисли колку многу ќе сјаеш ти само кога ќе си ЧОВЕК.

Те замолувам, биди причинител за доброто, во суровиот свет.

Знам, ти се чини дека е ладно и нема топлина, но и фудбалскиот натпревар е најжежок на самиот крај.

Пушти ја топката кон напред, ќе успееш да го дадеш посакуваниот гол.

Да биде човек, е уметност.

Да се биде човек, срцето треба силно да ти бие!

ИНТЕРКУЛТУРНИ РЕСУРСНИ КАБИНЕТИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ПЕДАГОГИЈА И ПСИХОЛОГИЈА

На 15 јуни при Филозофски факултет во соработка со Нансен Дијалог Центар Скопје имавме свечено отварање со цел градење на компетенции за интеркултурно образование во тренинг центарот на Нансен Дијалог Центар Скопје. Ресурсните центри за интеркултурно образование се наменети за студентите од Институтот за педагогија и Институтот за психологија кои што во текот на оваа академска година следат обуки со цел градење на компетенции за интеркултурно образование. Исто така овие ресурсни центри ќе им овозможат на студентите полесно да развијат интеркултурни компетенции, како и интеркултурна трансформација и облагородување на севкупниот воспитно-образовен процес во предучилишното, основното и средното образование. Опремувањето на ресурсните центри за интеркултурно образование е овозможено со финансиска поддршка на Министерството за надворешни работи на Кралство Норвешка преку програмата за интеркултурно образование на Нансен Дијалог Центар Скопје. На овој настан со учество не почестија делегација од Норвешка амбасада предводена од заменик амбасадорот Геир Јохансен, заменик министерот за образование и наука Арафат Шабани, деканот на Филозофски факултет проф. д-р Ратко Дуев и извршниот директор на НДЦ Скопје Ветон Зеколи, како и раководителите на институтите Проф. Д-р. Јасмина Диздаревиќ и проф. Д-р Ана Фрицханд.

2ри АПРИЛ – Меѓународен ден на аутизмот.

Аутизам е пореметување на менталниот развој кој се карактеризира со оштетување на социјалната интеракција и комуникација, и со ограничено и повторувачко однесување. Овие знаци во повеќето случаи се појавуваат пред детето да полни три години. Неделата за аутизам за прв пат се одржала во 2002 година за време на годината за аутизам во Велика Британија. Втори април се одбележува како светски ден посветен на информирање и активизам за аутизмот, почнувајќи од 2008 година. Воведен е со одлука на Генералното собрание на ОН, усвоена на 18-ти декември 2007 година, по предлог на Катар и поддржана од сите земји-членки. Светскиот ден на свесноста за аутизмот со различни активности се одбележува ширум светот, при што здравствените организации и граѓанските здруженија се обидуваат да ја подигнат јавната свест за оваа болест која станува се позастапена кај човекот.

Во нашата земја официјално регистрирани се 140, но претпоставката е дека нивниот број е многу поголем. Па така по повод одбележувањето на Меѓународниот ден за подигнување на свесноста за лицата со аутизам во кампусот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје е засадено срце со мозаик како симбол на поддршката за лицата со аутистичен спектар на нарушување.

На настанот во организација на Филозофскиот факултет земаа учество студенти од Институт за специјална едукација и рехабилитација, Факултетското студентско собрание, како и деца од Здружение на граѓани “Имаго плус”, заедно со ректорот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”, проф.д-р. Никола Јанкуловски и деканот на Филозофскиот факултет проф.д-р. Ратко Дуев.

Се надеваме дека секоја следна година одбележувањето ќе биде се поубаво и со поголем број луѓе кај кои свесноста за аутизмот ќе биде поголема.

НАДВОРЕШНИ СОРАБОТКИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

Секој чекор е нешто плус, нешто ново со кое може да се променат работите, да се напредува, да се согледаат и отстранат пречките.

Филозофски факултет во текот на 2021 година склучи повеќе ***МЕМОРАНДУМИ***, меѓу кои и:

- Меморандум за соработка со Нансен дијалог центар Скопје – важно и позитивно влијание врз сензибилизирањето на студентите од Институтите за педагогија и психологија. Преку оваа соработка ќе се овозможи реализација на обуки од интеркултурен акрактер наменет за студентите од завршните години на додипломски студии.
- Меморандум за соработка со Институт за меѓународна политика и економија (Деканот на Филозофски факултет проф д-р Ратко Дуев и Директорот на Институтот за меѓународна политика и економија проф. д-р Бранислав Ѓорѓевиќ) – преку оваа соработка ќе се овозможи организација на заеднички трибини, проекти и школи.
- Меморандум за соработка и договор за археолошки истражувања на административна општина Свети Николе со Народниот музеј во Свети Николе – преку оваа соработка ќе се овозможат заеднички активности за проекти и истражувања, со што Филозофски факултет ќе обезбеди стручна и меѓународна поддршка за активностите.
- Меморандум за соработка и развој од облста на образованието со генералнито директор на турската фондација Мсаариф.



ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ХЕЛЕНСКАТА МИТОЛОГИЈА ВО ВИДЕО ИГРИ”

АВТОР – Виктор Костески

Во оваа видео игра се зборува за Кратос, синот на Зевс, кој е роден и живее во Спарта и воспитуван во спартански дух, кој воедно никогаш не го дознава своето потекло и пророштвото дека тој е предодреденият, од многуте синови на Зевс, што ќе го убие.

Зевс, знаеќи за пророштвото го испраќа Атена и Арес да ги најдат сите негови деца на земјата и да ги земат со себе. Арес и Атена знаеќи кој е предодреденият намерно го земаат Димос, братот на Кратос и го однеле кај богот на смртта.

Кратос стананува голем војсководец на Спарта. Во една од многуте битки е поразен од Варварите, каде што бил приморан да побара помош од Арес, ветувајќи му дека ќе му служи додека е жив. Арес му помогна на тој начин што му, ги дава „Мечевите од Хаосот“, кои се исковани во подземјето. Арес знае дека Кратос е предодреденият кој ќе го убие Зевс и има силна верба дека токму Кратос ќе го донесе на тронот на Олимп.

Кратос, иако му ветува на Арес дека цел живот ќе му служи, не може целосно да му се посвети на ветеното, затоа што неговата сопруга и ќерка секогаш го враќаат во земниот живот. За да има целосна контрола над него, Арес неговата жена и ќерката на Кратос ги носи во храмот за да ги убие. Кратос влегува во храмот, бесен од лутина, ги убива сите луѓе во храмот, притоа и неговата жена и ќерка, а гатачката од храмот го проколнува засекогаш на себе да ја носи пепелта на жена си и ќерка си, да му обели неговото тело и за навек да го носи името „Духот на Спарта“.

Кога гледа што напрви, Кратос ја прекршува заклетвата кон Арес и се заколнува дека ќе се одмазди. Иако им помогна на боговте од Олимп, го спасува богот на сонцето Аполон од титанот Атлас, ја победува Хидрата,(чудовишната змија), првично Атена не му дозволува да го нападне Арес.

Арес го напаѓа градот Атина. Кратос, за да го предизвика сосебе ја зема Пандорината кутија, и пред да ја отвори е погоден од мечот на Арес. Кратос ранет паѓа во подземјето. Успева да избега од подземјето и го убива Арес во битка. По убиството на Арес тој се качува на една висока карпа со намера да се самоубие, но Атена го спасува и го назначува за нов бог на војната.

Кратос не запира да војува, дознава дека мајка му е жива, која му кажува дека Демос е жив и се наоѓа кај богот на смртта Танатос и дека во неговото грабнување учествува и Атена, по наредба на Зевс. Кратос го ослободува брата си, но тој загинува во битката против Танатос. По оваа трагедија Кратос го убива Хермес, гласникот на Зевс. Зевс му ги одзема сите сите божји моќи на Кратос. Во битката со Зевс тој бил тешко ранет. Зевс му

рекол да се заколне на послушност. Кратос одбил, па затоа Зевс го прободел во срцето со мечот на Олимп. Кратос повторно паднал во подземниот свет каде што Гаја му ги излекувала раните и му помогнала да избегал од подземниот свет. Успеал да го најде мечот од Олимп убивајќи многу херои меѓу кои и Персеј, Тезеј, Хераклe.

Кратос го предизвикал Зевс и успеал да го порази. Пред да го убие замавнал со мечот и ја прободел Атена, која што застанала да го заштити Зевс. Кога ја искористил моќта на враќањето на времето ги вратил титаните. Тогаш тој бил предаден од Гаја, која го фрлила во подземниот свет. Овој пат избегал од таму со помош од Атена и успеал да го порази Зевс и титаните. Атена се појавила пред него како дух и му ја побарала моќта на надежта, која што ја пронашол во Пандорината кутија, за да го изгради светот одново. Тогаш Кратос се прободел со мечот и ја испуштил надежта во светот што останала. Дури на крајот од својот живот Кратос сфатил дека не добива ништо со одмаздата, и затоа си го одземал животот за да им ја даде надежта на луѓето кои ги преживеале последниците од походот на Кратос.

Од студент ЗА студент

*Библиотеките на Филозофски факултет сега се на едно место. Електронскиот каталог прифилозофски факултет е достапен на официјалната страна на факултетот. Но, секогаш добродојдени се и дополнителни литератури кои може да се гледаат преку примзмата на стуката за која сме насочени.

*Но, тука се и филмовите кои исто така може да се анализираат од повеќе перспективи.

Предлог книги:

Колекционер на очи – Себестијан Фицек

Ако го дочекам утрото – Сидни Шелдон

13 – Стив Кавана

Пациентот – Себастијан Фицек.

Предлог филмови:

Dead Poets Society (1989)

October Sky (1999)

A Beautiful Mind (2001)

The Theory of Everything (2014)

The father (2020).

Историјата е филозофија со пример. - Тукидид

Најтивките зборови носат ура, а мислите кои доаѓаат тивко на прсти, управуваат со светот. – Ниче

Јас не можам да научам никого на било што. Можам само да направам да почнат да мислат. – Сократ

Ако педагогијата сака да подигне личност во сите погледи, тогаш прво мора да го научи во сите погледи. – Ушински

Ако судбината ви подари лимун, направете лимонада. – Дејл Карнегин

2. Монографијата на Филозофски факултет нуди ретроспектива на почетоците и развојот на македонската наставно-научна дејност од 1920 до 2020 година.



- Излезе и БРОЈ 3 на студентското списание "VOX" – изработено од страна на студентите од Институтот за СЕМЕЈНИ СТУДИИ

QR codes



Институт за БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР



Институт за ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА И АРХЕОЛОГИЈА



Институт за ФИЛОЗОФИЈА



Институт за КЛАСИЧНИ СТУДИИ

Институт за ИСТОРИЈА

Институт за ПЕДАГОГИЈА

Институт за ПСИХОЛОГИЈА

Институт за СПЕЦИЈАЛНА
ЕДУКАЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА



Институт за РОДОВИ СТУДИИ

Институт за СОЦИОЛОГИЈА



Институт за СЕМЕЈНИ СТУДИИ

Институт за СОЦИЈАЛНА РАБОТА
И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Ф Ф
СКОПЈЕ